ООУ „ Тоде Хаџи Тефов “ место – Кавадарци
Општина Кавадарци
Тел : 043 413 106 Fax : 043 413 106
e-mail : todehadzitefov@yahoo.com
ou-todehadzhitefov-kavadarci@schools.mk

Г О Д И Ш Е Н
Т Е К С Т У А Л Е Н И З В Е Ш Т А Ј
За работата на училиштето во учебната 2025/2026 година

Август 2026 година

Директор
Христина Камчева Пановска

Изработил : Ленче Нанева

В О В Е Д – КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

- Основното училиште „ Тоде Хаџи Тефов “ Кавадарци е Општинско основно деветгодишно училиште
- Во состав на истото работат подрачни паралелки во с. Бегниште каде наставата се реализира од I – IX одделение
- Наставата во централното училиште се реализира во две смени
- Наставата во подрачното училиште се изведува во една смена
- За учениците од с. Ресава и с. Дабниште кои учат во ПУ во с. Бегниште има организиран безплатен превоз.
- Наставата се изведува на македонски јазик
- Во училиштето се опфатени вкупно 679 ученици.

Бројна состојба на учениците во изминатите учебни години

Учебна година	Број на ученици
2025/2026	679
2024/2025	695
2023/2024	676
2022/2023	686

- Училиштето опфаќа најголем број на ученици и е едно од постарите во градот , изградено и пуштено во употреба е во 1962 година
- Во училиштето наставата се реализира во **33** чисти паралелки во централното и **една** во подрачното , како и **4** комбинирани паралелки од по две одделенија во подрачното училиште
- Во изминатите учебни години се забележуваше постепено зголемување на бројната состојба на ученици во Централното училиште.

Оваа учебна година бројната состојба се намали за 16 ученици споредено со изминатата.

- Оваа учебна година запишани се 70 ученици во прво одделение , а минатата биле запишани 83 ученици во прво одделение.
- Наставата ја изведуваат 60 наставници а од другиот воспитно образовен кадар се директорот, помошен директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар .
-Во месец мај 2026 година двајца вработени се унапредени односно се стекнаа со звање педагогот Ленче Нанева во педагог МЕНТОР и предметниот наставник по биологија Соња Иловска во наставник СОВЕТНИК.

Заради согледување на успешноста во реализаијата, целите и задачите на воспитно образовната дејност кои со Наставниот план и програми се поставени пред него на крајот од учебната 2025/2026 година, училиштето изготви текстуален и статистички извештај.

Целта на овој извештај е согледување на успехот и поведението на учениците , реализацијата на наставата и воннаставните активности и условите во кои работеше училиштето.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

- Воспитно образовниот процес ,односно наставата се организира и реализира согласно Националните наставни планови и програми
- Училиштето ја организира и планира наставата по задолжителни и изборни предмети со годишен фонд на часови согласно наставните планови и програми
- Наставната програма се реализира во 180 наставни денови
- Училиштето реализира воннаставни активности во согласност со Концепцијата за воннаставни активности
- Наставата од прво до седмо оделение се реализира според Концепцијата за деветгодишно основно образование
- ООУ „ Тоде Хаџи Тефов ” Кавадарци спроведе анкетирање на родителите на учениците за избор на изборен предмет за учебната 2025/2026 година во централното и подрачно училиште во с. Бегниште.
- Учебната година започна на 01.09.2025 година.
- Според наставниот план опфатени се сите наставни предмети
- За реализација на наставата е изготвен распоред на часови за задолжителните и изборните предмети
- Распоред за реализација на дополнителна ,додатна настава,СУА, воннаставни активности и работа со талентирани и надарени ученици
- Изготвен е распоред на дежурства на наставниците
- Распоред за дежурство на наставниците од прво до трето одделение за прифаќање и згрижување на учениците од прво до трето одделение еден час пред и после наставата
- Реализирана е општествено –хуманитарна работа со учениците од 7 одделение
- Редовно се реализира програмата Советување на родители и програма Советување на ученици според истите критериуми од програмата Советување на родители
- Реализацијата на воспитно образовната работа училиштето ја темели врз Годишната програма за работа во учебната 2025/2026 година
- Врз основа на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни глобални и тематски планирања ,а се изготвуваат и дневни оперативни подготовки односно сценарија за работа на час.
- Реализирани се 180 наставни денови ова полугодије
- Реализирани се вкупно 1462 час додатна настава и 1501 дополнителни часови.
- Реализирани се пет родитески средби
- Реализирани се сите часови според наставниот план и програма по сите наставни предмети и нема нереализирани часови од субјективни причини

(пример отсуство на наставници од настава и сл.).

- Извршена е посета на наставни часови од страна на директорот и педагогот.
- На наставнички совет одржан на 12.01.2026 г. формирана е комисија за избор на Првенец на генерацијата и пофалени ученици.
- Истата на одржаниот состанок едногласно ги избра учениците:
  Благица Дамјанова од 9-г одделение.
  Алексеј Алексов од 9-г одд.
  Никола Илов од 9-б одд.
- Пофалени ученици за континуиран одличен успех се Ангел Димитров од 9-б, Ангел Василев од 9-а одд., Сара Димова, Сандра Петрова, Менче Николова, Ивана Тимова и Емилија Бошева од 9-г одделение.

- Претседател на ученичкиот парламент е ученикот Васил Ангелов од 7-б одделение.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ СО ВОСПИТНО – ОБРАЗОВЕН И ЕДУКАТИВЕН КАРАКТЕР

I. Програма за СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Врз основа на член 76,77 и 78 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) и во согласност со позитивните законски прописи од Министерството за образование и наука, ООУ “Тоде Хаџи – Тефов“ во текот на учебната 2025/2026 год.реализираше редица активности:

Согласно програмата за советување на ученици и родители, на почетокот на учебната година беа направени следните активности:

- секој наставник беше задолжен да спроведе тестови за предзнаење по наставниот предмет и согласно истото, да пружа поддршка на учениците кои се идентификувани во групата на ученици кои имаат потреба од помош. Оваа компоненета е воведена за обезбедување на помош на учениците кои не постигнуваат задоволително ниво на почетокот на учебната година. Иако по дадените насоки најголем дел од наставниците имаа спроведено тестови за предзнаење, сепак дел од наставниците не ја реализраа оваа обврска, за што беше доставено писмено известување до директорот.

Во текот на учебната 2025/2026 год, по идентификуваниот успех, отсуства и поведение на учениците, беа организирани советувања за:

- 24 родители повикани по основ - намален успех во учењето,
- 7 родители по основ - нередовно посетување на настава;
- 8 родители по основ - несоодветно однесување во училиштето.

Целите на оваа програма се следните:

1. Запознавање на родителите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување, со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца;
2. Едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни потешкотии и животни предизвици.

Сите забелешки околку редовноста на упатување на покани, како и начинот на реализирањето на наставата, кои беа направени за време на советувањето од страна на родителите, беа пренесени до директорката на училиштето.

Советувањето на родители во училиштето го реализираше училишниот психолог.

II. Програма за СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Врз основа на член 77, став 8 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), како и согласно позитивните законски прописи од Министерството за образование и наука, училиштето во рамките на своите редовни активности ја реализираше и програмата за советување на ученици.

Програмата е наменета за ученици кај кои е евидентирано нередовно посетување на настава, значително го намалуваат успехот во учењето и манифестираат различни облици на несоодветно однесување во училиштето, а истата е насочена кон:

- поттикнување на психосоцијален развој на учениците,
- подобрување на училишниот успех
- корегирање на одредени облици на однесување
- адаптација на учениците во училишната средина и
- превенција од ризични форми на однесување.

Во текот на учебната година, во училиштето беше организирано советување за:

- 24 ученици со намален успех во учењето,
- 7 ученици со нередовно посетување на настава,
- 8 ученици со несоодветно однесува,

Информациите добиени од учениците за време на советувањето, под форма на барање или повратна информација за начинот на реализирање на наставата се пренесени до директорката на училиштето.

Советувањето на ученици во училиштето го реализираше училишниот психолог.

III. Програма за УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА И УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), во ООУ “Тоде Хаџи – Тефов“ е извршен избор на претседателство на Ученичката заедница, формиран е Ученички параламент и е извршен избор за Претседател / Претседателство на Ученичкиот парламент.

Изборот на Претседател е направен со почитување на демократските принципи на избор, по претходно спроведен избор на претседателство на ниво на секоја паралелка – направено со поддршка на раководителите на паралелка односно одд. раководители.

На Конститутивната седница на 30.9.2025 год., со присуство на преседателите на паралелките од 6-9 одд., избрани беа:

1. Васил Ангелов 7б - за Претседател на Ученичкиот Парламент
2. Христина Димитрова 7а - за Потпретседател на Ученичкиот Парламент
3. Благица Дамјанова од 9г - за секретар на Ученичкиот Парламент
4. Благица Тимова 6г - за записничар на Ученичкиот Парламент

Формирање на Ученичкиот парламент и изборот на Ученичко претседателство како и нивното функционирање во текот на првото полугодие беше поддржано од страна на Директорката и училишниот психолог.

IV. Програма за УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), во ООУ “Тоде Хаџи – Тефов“ извршен е избор на Ученички правобранител.

Направениот избор на Ученички правобранител, е на демократски избори со сите ученици од VII – IX одд. на 6.10.2025 год. За правобранител беше избрана Ангела Боев од IX г одд.

Следењето на изборот и работата на Ученичкиот правобранител беше спроведена од страна на Директорката.

V. Програма за ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО

Во согласност со Програмата и протоколот за за превенција и справување со насилство, во ООУ "Тоде Хаџи – Тефов" во текот на учебната 2025 / 2026 год.се реализираа повеќе активности.
Пријавени се и постапено е по:
- 5 индивидуални случаи на пријавени инциденти меѓу ученици во првото полугодие и
- 10 индивидуални случаи на пријавени инциденти меѓу ученици во второто полугодие.

Во рамките на овие случаи спроведени се следните активности:
- Подготвен План активности за поддршка на ученикот - жртва, ученикот - сторител и учениците - сведоци;
- Реализирана е психо-социјална поддршка на ученикот - жртва, ученикот - сторител и учениците - сведоци.
- Реализирани се советодавно - консултативни разговори со наставници;
- Реализирани се советодавно - консултативни разговори со родители.

Дополнително реализирани се и работилници и неколку групи за разговор помеѓу ученици:
- Кодекс за однесување во училиштето - 39 ученици од 5 и 7 одд.
- Ненасилно решавање на конфликти - со вклучени 48 ученици од 6 одд.
- Справување со насилство во училиштето - со вклучени 11 ученици од 7 одд.
- Превенција од сексуално насилство врз деца - со вклучени 178 ученици од сите одд.

Согласно Правилникот за начиноте на оставарување на програмите за заштита од насилство. Злоупотеба на алкохол, тутун, дроги и други психотрпни супстанци , учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција бр. 18-13035/1 од 8.10.2025 год., реализирани се активности од страна на ученици:
- Врсничка едукација на тема насилство - со 66 ученици од 4 одд.

Во рамките на истите на учениците и на нивните родители им се препорачува дека:
- Конфликтите може да се надминат на конструктивен начин, преку активно користење на комуникативни вештини;
- Училиштето не толерира насилство и за истото има предвидено советодавни, но и казнени мерки;
- Учениците се охрабрени да ги пријавуваат сите видови на насилство во училиштето и да не даваат поддршка на насилното однесување, независно дали тоа се случува во или вон училиштето.

Во училиштето, во текот на учебната година, а по претходно задолжение од Градоначалникот беше спроведено интервју со секој ученик за скенирање на состобата со насилство во училиштето. Интевјуто беше спроведено од страна на стручната служба.

Активностите за превенција од насилство во училиштето, беа координирани и реализирани од страна на училишниот психолог.

VI. Програма за ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ

Во согласност со Програмата за ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ, во училиштето во текот на учебната 2025 / 2026 год беа релизирани неколку активности:

1. Едукации за превенција од злоупотреба со алкохол со 27 ученици.
2. Едукација и истражување за превенција од злоупотреба со тутун и цигари - 26 ученици.
3. Едукации за превенција од злоупотреба со дрога со 40 ученици и 3 родители.

Согласно Правилникот за начиноте на оставарување на програмите за заштита од насилство. Злоупотеба на алкохол, тутун, дроги и други психотрпни супстанци , учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција бр. 18-13035/1 од 8.10.2025 год., реализирани се активности од страна на ученици:

-- Врсничка едукација на тема превенција од злоупотреба со дрога, алкохол, цигари - со 68 ученици од 4 и 5 одд.

Едукациите за превенција од болести на зависност се однесуваат на препознавање на штетното влијание на алкохолот/дрогата и тутунот врз физичкото и менталното здравје, развојот на личноста, смејството и општеството од страна на учениците. Работилницата цели формирање на соодветни ставови за избегнување на нивно консумирање.

Програмата за превенција од боести на зависност во училиштето беше реализирана од училишниот психолог.

VII. Програма за справување со предизвиците на АДОЛЕСЦЕНТНИОТ ПЕРИОД

Во рамките на Програма за Справување со предизвиците на АДОЛЕСЦЕНТНИОТ ПЕРИОД, во текот на учебната 2025 / 2026 год, во училиштето беа спроведени неколку видови на активности:

- Едукативни работилници за Справување со врснички притисок со 31 ученика.

- Едукативни работилници за справување со стрес - 26 ученика

Овие активности во училиштето беа реализирани од страна на училишниот психолог.

VIII. Програма за ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА на учениците од VIII и IX одд.

Согласно член 47 од Законот за Основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и Програмата за професионална ориентација на учениците од VIII и IX одделение од основните училишта, издаден од МОН и сопствена програма со акционен план за професионално ориентирање на учениците VIII и IX одд. и нивните родители, ООУ "Тоде Хаџи – Тефов" реализираше повеќе активности:

1. Реализирани се по 3 работилници од Образование за животни вештини за сите ученици од VIII и IX одд од страна на нивните раководители на паралелки.
2. Реализирани се по 3 часа со наставниците по граѓанско образование со сите ученици од VIII и IX одд.
3. Реализирани се часови за професионална ориентација на сите ученци од 9 одд.
4. Реализирани се часови за тестирање на професионалните интереси на сите ученици од 9 одд.
5. Помеѓу учениците е споделен Водич низ квалификациите на стручно образование.
6. Обезбедено е информирање на родителите за важноста од професионалната ориентација и нивната улога во истата.
7. Овозможено е презентирање на бројни средни училишта пред учениците од 9 одд.

Програмата за професионална ориентација е реализирана од страна на училишниот психолог во соработка со раководителите на паралелки и наставниците по граѓанско образование.

IX. Подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и вработените во училиштето

Врз основа на Програмата за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и вработените во училиштата, како и врз основа на препораките од МОН и БРО, ООУ "Тоде Хаџи – Тефов" Кавадарци реализираше редица активности за унапредување на менталното здравје, кои опфаќаат:

- Едукација за подобрување на МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ - 56 ученици.
- Распоредени флаери за промоција на менталното здравје и менталната хигиена.
- Советодавна работа со наставници во одделенска и предметна настава за следење и поддршка на менталното здравје кај учениците.
- Сензитивирање на стручни активи за работа со специфична група ученици за време на стручни состаноци, одделенски и наставнички совет.
- Реализирање на работилници за унапредување на менталното здравје од страна на сите одд. Раководители и раководители на паралелки.

Активностите за следење и подобрување на менталното здравје во училиштето ги координира и реализира училишниот психолог.

X. Работа со талентирани и надарени ученици

Во согласност со член 34 од Законот за Основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/19,229/20 и 3/25) и во текот учебната 2025/2026 година, училиштето реализираше неколку активности за идентификување на учениците од овие групи:

- Отворен повик за пријавување и селекција на овие ученици;
- Споделување на идентификациони листи со психо-социајлните карактеристики за идентификување на талентирани и надарени ученици;
- Организирање на фокус група за психолошка поддршка со селектираните ученици.

Како резултат на ова, во училиштето беа идентификувани 34 ученика.

Погоре наведените активности од програмата беа реализирани од страна на училишниот психолог во соработка со одд. И рак. На паралелки.

XI. Соработка со Општинска Организација на Црвен Крст - Кавадарци

Во текот на првото полугодие на учебната 2025/2026 година, ООУ “Тоде Хаџи - Тефов“ реализираше две поголеми активности со ОО ЦК Кавадарци:

1. Хуманитарна акција во соработка со ООЦК - Кавадарци.
2. ЦКА - ПХВ

Врз основа на допис од ОО ЦК - Кавадарци, по електронска пошта од 15.10.2025, а в кој се сугерира организирање на хуманитарна акција по повод Недела на гладот од 16 до 22 Октомври, на сите одд. и предметни наставници им беше сугерирано информацијата да се пренесе до родителите и да се организира собирна акција на храна. Како резултат на тоа, учениците во периодот од 17 до 20 октомври донираа

храна, а истата на 21.10.2025 беше доставена до наши ученици од краен социјален ризик.

Активностите кои беа реализирани во соработка со ООЦК и другите локални и национални институции во училиштето беа координирани и поддржани од Директорката, училишниот психолог, одделенските и предметни наставници.

Врз основа на претходно доставен барање на ЦК, во основна обука за изработка на предлог проекти, беа вклучени 7 ученици од нашето училиште. По комплетирање на обуката истите беа задолжени за реализирање на повеќе активности со донаторска цел. Собраните средства беа потрошени за еден ученик од краен соци-економски ризик од нашето училиште, при што обезбедени се повеќе средства за домаќинството: перална, прашоци, правосукалка и друго.

XII. Програма за работа со ученици со ИОП и ПОП

Согласно член 35 од Законот за основно образование (Сл.весник 161 од 05.08.2019, 229/20 и 3/25) и Програмата за работа на училишниот психолог за учебната 2025/2026, индивидуална поддршка од страна на училишниот психолог беше обезбедена за:

- 4 ученици со попреченост кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални и сетилни оштетувања;
- 30 ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми;
- 8 ученици со потешкотии во учењето.

Индивидуалната поддршка за учениците беше обезбедена по:

- задолжение за учество во ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА УЧЕНИК (за учениците со ИОП) од страна на директорот на училиштето,

- претходно доставено барање од одд.раководител или раковод. на паралелка,

- претходно барање од страна на родител и писмена согласност за индивидуална работа.

Со вклучување на учениците во индивидуалната поддршка беше направено:

- проценка на состојбата на ученикот наведена во барањето од наставник/ родител/ ученик;

- основна психолошка поддршка за ученикот;

- пружана советодавна помош и поддршка за наставниците и родителите;

- за случаите каде проблемот излегува од нормата за возрасната група, родителите се препратени до соодветни надлежни институции.

Психолошката проценка и советодавно - консултативна работа за ученик, родител и наставник беше направена од страна на училишниот психолог.

Програма ,, Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем “

Училиштето активно ги продолжи активностите на тема: ,, Немаме резервна планета “ и ,, Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем“. Како „Еко-училиште“ во текот на учебната 2025/2026 година се реализираа активности за подобрување на животната средина и подигнување на еколошка свест кај учениците и училишната заедница:

- Акција за збогатување на училишниот двор со цвеќе.
- Акција за хортикултурно уредување на училишните ходници, садење салонско цвеќе.
- Одржување на веќе посаденото цвеќе во училишните ходници.
- Прошетки во природа со наставниците по физичко и здравствено образование
- Работилница за заштита на природата од разни полутанти
- Работилница ,,пишување пораки за подигнување на еколошката свест и култура”
- -Уредување на еколошко пано „Немаме резервна планета“
- Изготвување Предлог проект ,, Училиште под отворено небо“

Училиштето овие активности ги спроведуваше според планот на активности.

XIII УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ

По иницијатива на МОН во училиштето Тоде Хаџи Тефов- Кавадарци се формира училишен спортски клуб во кој учествуваат учениците од предметна настава. Целта на клубот е масовно учество на учениците од училиштето и подготовка за училишни, општински, регионални и државни натпревари организирани од Федерацијата на училишен спорт. Овој училишен спортски клуб продолжува да функционира во согласност со горенаведеното и во текот на целата учебната година. Усогласена е работата на клубот со календарот на Федерацијата на училишен спорт на Република Македонија. Во текот на учебната2025/2026 година училишниот спортски клуб учествуваше на сите предвидени спортски активности почнувајќи од општински,регионален и државен ранг. Учениците од нашето училиште постигнаа највисок резултат на државен натпревар –второ место во футсал-девојчиња кој се одржа во Скопје.Училиштето учествуваше во сите активности на Плазма спортските игри.

Годишен извештај за реализирани активности во текот на учебната 2025/2026 година

1. Програма за работа на ученици со посебни образовни потреби

Врз основа на **член 35** од Законот за основно образование, ученици со посебни образовни потреби се учениците со долготрајни физички, ментални, интелектуални и сетилни оштетувања, ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми, ученици со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат однеповолни социо-економски, културни или јазични депривирани средини, а врз основа на **член 30, став 7 и 8** од Законот за основно образование, учениците со долготрајни физички, ментални, интелектуални и сетилни оштетувања, учениците со специфични тешкотии во учењето наставната програма ја следат според Индивидуален образовен план и според Програмата за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор, со горенаведените ученици работи училишниот специјален едукатор и рехабилитатор и му пружа континуирана индивидуална поддршка на вкупно 9 ученици во текот на учебната 2025/2026 година, од кои 4 учениици следат настава според индивидуален образовен план и двајца ученици добиваат поддршка од образовен асистент. Исто така, идентификувани 2 ученици со специфичности кај кои е завршена опсервацијата и дадени се насоки и препораки на родителот за понатамошно постапување и консултации со соодветни медицински институции.

За секој ученик кој што е идентификуван, истиот е опсервиран и дадени се насоки и препораки на родителот, му се пружа индивидуална поддршка во текот на учебната година, се води досие и се изготвува соодветна евиденција и докумнетација.

Согласно член 35 од Законот за основно образование (Сл.весник 161 од 05.08.2019, 229/20, 3/25м 74/25 и 250/25) и Програмата за работа на училишниот психолог за учебната 2025/2026, индивидуална поддршка беше обезбедена за:

- 4 ученици со попреченост кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални и сетилни оштетувања;
- 30 ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми;
- 8 ученици со потешкотии во учењето.

Индивидуалната поддршка за учениците беше обезбедена по:

- задолжение за учество во ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА УЧЕНИК (за учениците со ИОП) од страна на директорот на училиштето,

- претходно доставено барање од одд.раководител или раковод. на паралелка,

- претходно барање од страна на родител и писмена согласност за индивидуална работа.

Со вклучување на учениците во индивидуалната поддршка беше направено:

- проценка на состојбата на ученикот наведена во барањето од наставник/ родител/ ученик;

- основна психолошка поддршка за ученикот;

- пружана советодавна помош и поддршка за наставниците и родителите;

- за случаите каде проблемот излегува од нормата за возрасната група, родителите се препратени до соодветни надлежни институции.

Психолошката проценка и советодавно - консултативна работа за ученик, родител и наставник беше направена од страна на училишниот психолог.

Стручните соработници кои пружаат индивидуална поддршка се во постојана комуникација со родителите на учениците за советодавно-консултативни насоки и истите се известени за напредокот и објективната состојба на своите деца по завршување на секое тримесечје.

Поддршка добија и наставниците при работа со ученици со посебни образовни потреби, како за подготвување на учениците за прифаќање на своите соученици со некаков вид на потешкотија, така и за време на наставните часови и активности.

Во рамките на унапредување на инклузивноста во училиштето и поддршката на учениците со посебни образовни потреби, специјалниот едукатор и рехабилитатор во соработка со одделенските наставници и наставниците од предметна настава реализира низа работилници и одбележување на значајните датуми за подигнување на јавната свест и прифаќање на различностите помеѓу учениците, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

2. Програма за работа на Инклузивен тим на училиштето

Согласно Законот за основно образование, член 16 во училиштето е формиран инклузивен тим на ден 27.8.2025 година кој функционира во рамките на училиштето и потребите на учениците и наставниците.

Инклузивниот тим на ниво на училиштето има водечка улога во развојот на процесот на сеопфатност. Тимот има задача училиштето да го прилагоди во

пријатна средина за потребите на учениците и на наставниците преку обезбедување широк спектар на поддршка.

Инклузивниот тим на училиштето врз основа на Законот за основно образование даде препораки на родителите на учениците со посебни образовни потреби за процена на ученицте од страна на стручното тело за функционална процена базирано на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ) донесена од Светската здравствена организација.

Учениците со посебни образовни потреби (Член 30 став 7 и 8 и член 35 од Закон за основно образование) се идентификувани од страна на наставниците, направена е процена на способностите и слабостите на самите ученици со цел изготвување на индивидуални образовни планови од страна на инклузивниот тим на ученик.

Секој родител има потпишано согласност за работа на ученикот со училишниот педагог, психолог и училишниот специјален едукатор и рехабилитатор. Од извршените проценки, изготвени се мислења за идентификуваните ученици. Објективната состојба е презентирана пред родителите. Се пружа индивидуална поддршка на сите ученици.

На наставниците им се укажани соодветни стратегии за учење кај учениците кои ќе бидат применети во диференцијација на наставните стандарди/цели, диференцирани методи или диференциран пристап во зависност од потребите на истите. Направена е ревизија на плановите за работа на учениците со посебни образовни потреби и врз основа на постигнатите цели од истите програми наставниците го извршија оценувањето на учениците.

Тимот превземаше активности и со ученици кои покажаа други специфичности, како ученици од неповолни социо-економски, културни или јазични и депривирани средини.

Инклузивниот тим функционира во училиштето и секој од стручните соработници реализира свои работилници со цел да се едуцираат, да се променат мислењата кај учениците, да изградат свои ставови, како и да се прифаќаат помеѓу себе без елементи на дискриминација.

Инклузивниот тим во училиштето континуирано одржува состаноци и го следи напредокот на сите ученици во училиштето и е целосна поддршка на наставниците и учениците во реализација на воспитно-образовниот процес.

3. Програма за меѓуетничка интеграција во образованието

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето и акциониот план во текот на учебната 2025/2026 година продолжи соработката со партнер училиштето и истата е во постојан континуитет преку комуникација со вработените и наставниците.

Наставниците кои во своите наставни планирања имаат предвидено самостојни активности ги реализираа за време на наставните часови со цел зајакнување на капацитетите за меѓуетничката интеграција во воспитно-образовниот процес и доближување на учениците за прифаќање, поддршка, почит и разбирање на различностите помеѓу луѓето.

4. Годишен извештај за работата на образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби во училиштето во текот на учебната 2025/2026 година

Првиот работен ден, сите образовни асистенти остваривме средба со директорот на ООУ „Тоде Х.Тефов“ и специјалнит едукатор и рехабилитатор, со кои активно соработуваме. Се водеше разговор за сè она што нас нè очекува како образовни асистенти. За нашите работни задачи, обврски и предизвици со кои ќе се соочиме во работата, за начинот на работа и сл.

ОА – Теодора Колева – Работи со ученик од I одделение. Првите неколку дена се вршеше следење на однесувањето на ученикот, како тој се однесува во контакт со другите ученици, како се однесува кон наставничката и адаптација на ученикот во училница. Поддршка се дава при пречекување на ученикот, помош при усвојување на наставните содржини и извршување на работните задачи, како и при пречекување и испраќање од училиштето. Во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор што работи со него, и во согласност со наставните содржини кои се работат за време на часот се прилагодија и изработија наставни

листови за ученикот. Ученикот работи по редовна програма со мали потешкотии. Се дава поддршка за време на сите часови по сите предмети. За полесно да ги усвои наставните содржини се изработуваа нагледни средства и материјали кои ќе го поттикнат да размислува и преку игра ќе го стимулираат да ги запомни.

Со родителите се водеше секојдневно разговор при земање на ученикот од училиште. Под супервизија од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор се водеа разговори за потешкотиите и предностите на ученикот, како и за неговите потреби и слабости. Се оствурува добра соработка со родителот, сите изработки и активности на ученикот кои ги изработил за време на часовите се објективно презентирани пред родителот.

Соработката со наставниците е одлична и уште од почетокот функционира добро. Се изработуваат заедно нагледни средства, дидактички материјали, наставни листови кои се потребни за усвојување на наставните содржини. Се помага и на останатите ученици кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставната содржина или во изработката на активностите.

Секојдневно се одржуваат средби со специјалниот едукатор и рехабилитатор кој работи со ученикот два пати во неделата. Секојдневната соработка се однесува на подобрување на концетрацијата, социјализацијата, постигнувањата на наставните содржини, како полесно да се изработат нагледни средства кои се потребни за усвојување на наставните содржини и сл. За подобрување на развојот на ученикот, и во консултации со стручната служба навремено се извршуваа административните обврски.

ОА Цветанка Шемова Велкова – Работи со ученик од II в одделение. Истиот наставата ја следеше според индивидуален образовен план и постигна добар успех со поддршка од образовен асистент. Во текот на наставата ученикот пројавуваше интерес за одредени предмети, се потикнуваше да крева рака, добиваше поддршка за самостојно извршување на активностите и задачите. Поддршка се пружеше и при извршување на секојдневните хигиенски навики, во делот на социјализацијата и дружбата со врсниците. Заедно со наставниците се договараше за реализација на наставните часови. За време на часовите се насочуваше за реализирање на наставното градиво по сите наставни предмети. Се пружеше поголема поддршка и помош при извршување на задачите, се користеа и наставни средства: слики,кратки

видеа,дидактички материјали и др.Текот на сите наставни часови по сите наставни предмети се одвиваше во најдобар ред, поголема подршка се пружеше на ученикот, но се соработуваше и помагаше и на останатите ученици во паралелката.

Со родителите се водеа разговори за извршување на дневните задачи на ученикот во училиштето, колку е доследен, како се снаоѓа во врска со училишните задачи.

Со наставниците меѓусебно се договаравме за прилагодување на наставната содржина, подготовката на наставни листови.

Со координаторот на ИТУ секојдневно се разменуваа стратегии за подобро усвојување на наставниот материјал.

XVI. ETwinning

ООУ„Тоде Хаџи-Тефов“ работеше на еТвининг проектот „Мали европски граѓани“ за кој имаме поднесено апликација за наградата за Ознака за национален квалитет и ќе добиеме резултати на крајот на септември.

Училиштето го одбележа Денот на еТвининг- Денот на Европа со online видеоконференции со ученици од повеќе училишта од Европа и учениците имаа можност да научат како учениците од Европа го слават овој ден.

Училиштето доби ознака за еТвининг училиште која е награда за училишта кои покажуваат европски вредности. Во септември директорката на училиштето ќе биде поканета да учествува на настанот кој го организира Националната агенција за европско образование и мобилност за наградување на училиштата

Славица Јаневска учествуваше на еТвининг семинарот “Вештини за живот“ кој се одржа во Германија. Наставничката одржа дисеминација во училиштето и го сподели добиеното знаење со останатите колеги.

Наставник од нашето училиште беше избран за TED Fellow и работеше на проект со наставници на глабално ниво, а учениците имаа можност да соработуваат со ученици од Америка на проектот Global Collaboration.
Училиштето беше посетено од Bil Hilt, TED Fellow, од Америка.

Еразмус+

Двајца наши наставници учествуваа во Еразмус+ проект во Романија и Бугарија

ИЗВЕШТАЈ

Од реализираните наставни содржини за самозаштита по предмети и одделенија
ООУ ,,ТОДЕ ХАЏИ-ТЕФОВ‘‘ Кавадарци
2025/2026

1 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани –до прво полугодие	Реализирани –до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Општество	11	4	4	7	11
Природни науки	9	3	4	7	9
Физичко и здравствено образование	8	4	6	8	8

Во прво одделение планирани се вкупно 28 часа за самозаштита и реализирани се 28 часа или 100% од планираните часови.

2 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Општество	8	0	0	4	8
Природни науки/ Бегниште	8	0/2	1/3	3/2	8
Физичко и здравствено образование	8	3	6	8	8

Во второ одделение планирани се вкупно 24 часа за самозаштита и реализирани се 24 или 100% од планираните содржини по предмети во второ одделение.

3 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година

Општество	8	0	1	7	8
Природни науки	8	0	4	6	8
Физичко и здравствено образование	8	6	6	0	8

Во трето одделение планирани се вкупно 24 часа за самозаштита, и реализирани се 24 часа или 100% од планираните часови.

4 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Историја и општество	9	5	8	9	9
Природни науки	9	5	8	9	9
Физичко и здравствено образование	8	4	8	8	8

Во четврто одделение планирани се вкупно 26 часа за самозаштита и реализирани се 26 часа или 100% од планираните часови.

5 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Историја и општество	8	3	6	8	8
Природни науки	12	3	5	8	12
Физичко и здравствено образование	8	3	8	8	8
Техничко образование и информатика	12	0	0	0	12

Во петто одделение планирани се вкупно 40 часа за самозаштита и реализирани се 40 часа или 100% од планираните часови.

6 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Историја и општество – модул географија	12	1	2	7	12
Природни науки	12	1	5	8	12
Техничко образование и информатика	12	2	4	8	12
Физичко и здравствено образование	12	4	6	8	12

Во шесто одделение планирани се вкупно 48 часа за самозаштита и реализирани се 40 часа или 100% од планираните часови.

7 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Географија	12	2	4	7	12
Биологија	12	6	6	8	12
Хемија Розалија/ Хемија Ценка	12	3/2	6/2	9/8	12
Техничко образование и информатика	12	1	3	9	12
Физичко и здравствено образование	12	4	6	8	12

Во седмо одделение планирани се вкупно 60 часа за самозаштита и реализирани се 60 часа или 100% од планираните часови.

8 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Географија	12	3	6	9	12
Биологија	12	3	5	8	12
Хемија	12	2	5	9	12
Физичко и здравствено образование	12	2	5	7	12

Во прво одделение планирани се вкупно 48 часа за самозаштита и реализирани се 48 часа или 100% од планираните часови.

9 одделение

Предмет	Планирани часови за самозаштита	Реализирани – прво тримесечје	Реализирани – до прво полугодие	Реализирани – до трето тримесечје	Реализирани – до крај на година
Географија	12	3	7	9	12
Биологија	12	2	5	10	12
Хемија	12	2	5	9	12
Физичко и здравствено образование	12	2	5	7	12

Во девето одделение планирани се вкупно 48 часа за самозаштита и реализирани се 48 часа или 100% од планираните часови.

.

Реализацијата на планираните часови на ниво на училиште

Одделение	Планирани	Реализирани прво полугодие	Реализирани крај на година
1 одделение	28	14	28
2 одделение	24	7/9	24
3 одделение	24	11	24
4 одделение	26	24	24
5 одделение	40	19	40

6 одделение	48	17	48
7 одделение	60	25/21	60
8 одделение	48	21	48
9 одделение	48	22	48
Вкупно	346	160/158	346

На ниво на училиште вкупно се планирани 346 наставни часа во кои има вклучено самозаштита. Од нив во првото полугодие се реализирани 160 односно 158 часа или 46%, а со тоа реализацијата на наставните содржини за самозаштита во првото полугодие е успешно завршена. До крај на наставната година реализирани се вкупно 346 часа или 100 % од планираните часови за учебната 2025/2026 година. Овие наставни содржини придонесоа за подигање на свеста на учениците за брзо и навремено реагирање при непогоди и за важноста од безбедна животна средина.

И З В Е Ш Т А Ј

Од реализираните Воннаставни активности во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов”- Кавадарци во учебната 2025 / 2026 година

ООУ „ Тоде Хаџи Тефов ” Кавадарци во текот на учебната 2025/2026 година редовно реализира Воннаставни активности од долготраен карактер односно секции.

Сите наставници имаат доставено годишни планирања за реализација на Воннаставни активности и истите се планирани во Годишнаат програма за работа на училиштето за 2025/2026 година.Првично во месец мај се врши анкетирање на интересите на сите ученици по воспитно образовни период со цел да се оформуват долготрајните воннаставни активности во согласност со Водич за Воннаставни активности во основно образование.

На одделенските совети за одделенските и предметните наставници констаирано е дека по сите наставни предмети и сите наставници одржуваат воннаставни активности и тоа :

Активот на прво одделение реализира Ликовна секција во која севклучени сите ученица а реализирани се вкупно 114 часови.

Актив второ одделение реализира Литературна секција со 96 часа реализација , 2-б одржува танцување и реализирани се 33 часа

Актив трето одделение реализира литературна секција и реализирани се 96 часа.

Актив на четврто одделение реализира математичка секција а реализирани се 68 часа.

Актив на петто одделение реализира 73 часа литературна секција.

Во подрачното училиште во с. Бегниште во прво одделенеи реализирани се 35 часа ликовна секција, во второ и трето 33 часа литературна секција и во четврто и петто одделение реализирани се 38 часа математичка секција.

Стојанче Мишков реализира кошарка 16 часа, Андријана Василева ракомет 12 часа , Елизабета Филипова и Ана Котева одржуваат секција по англиски јазик и реализирани се 35 часа.

Николче Нешковски одржал 32 часа новинарска секција со 5 ученика.
Митко Жоржиев одржал 36 часа одбојка со 12 ученици.
Игор Миовски одржал 36 часа Одбојка со 16 ученици.
Елизабета Мешкова одржала 31 час математичка секција со 7 ученика.
Соња Јаковлевска одржала 254 часа англиска секција во 7 и 8 одд. со 7 ученици.
Марјан Михов и Данче Кузманова одржале 30 часа географска секција со 21 ученик.
Христијан Бошков одржал 36часа Млади физичари со 17 ученици.
Магдалена Ганчева одржала 26 часа Драмскорецитаторска секција со 4 ученици.
Билјана Клинчарова одржала 24 часа млади математичари со 7 ученици.
Илина Калешкова одржала 30часа Ликовнма секција со 5 ученици.
Славица Јаневска и Елена КПОтева Шикова одржале 32 часа англиска секција со 15 ученици.
Верица Трајкова одржала 36 часа историска секција во 8 одд. со 11 ученици.
Трајкова Марија одржала 36 часа литературна секција со 3 ученици.
Фиданка Стојаноска одржала 28 часа драмско рецитаторска секција со 8 ученици.
Соња Иловска и Розалија Ризова одржале 30 часа млади биолози-еколози со 16 ученици.
Ценка Тодорова одржала 34 часа млади хемичари со 8 ученици.
Петар Арсовски одржал 16 часа музичка секција со 3 ученици
Горан Чадамов одржал 19часа Велосипедизам со 8 ученици.
Симон Лазороски одржал 34 часа фудбалска секција во шесто одделение.
Елена Дишлиевска одржала 32 фудбалска секција со 24 ученици.
Благородна К. Панова одржала 24 часа француска секција во 9 одд. со 7 ученика.
Катерина Јаневска одржала 36 часа млади математичари во 9 одд. во ПУ с. Бегниште. Реализацијата на Воннаставните активности во училиштето ја следи училишниот педагог Ленче Нанева.

РЕАЛИЗИРАНА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Општествено-хуманитарна работа се реализира со ученици во 7 одделение и треба да придонесе за развој на свеста, вештините и посветеноста на учениците за решавање на проблемите од општествено-хуманитарен карактер. Целите на ваквиот вид работа можат да се гледаат низ призмата на Националните стандарди и да се операционализираат преку очекуваните резултати.

Во учебната 2025/2026 година во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов"-Кавадарци вкупно 70 ученици од централното и подрачното училиште во с. Бегниште првично беа анкетирани за избор на вид на Општествено-хуманитарна работа.Беа понудени следните три вида:

1. Помош и поддршка на заедницата
2. Кампањи за подигање на свеста
3. Застапување за преземање граѓански акции

Од извршената анкета учениците избраа да ги изучуваатпрвиот и вториот вид, односно од првиот вид беа понудени повеќе подрачја од кои беше избрано подрачјето:

- Садење растенија и разубавување на околината:садење дрвја и зеленило, одгледување цвеќиња или градинарски производи, косење трева или реализација на активности за зачувување на животната средина

Од второ избраниот вид на општествено-хуманитарна работа го избраа подрачјето:

- Подигање на еколошката свест: организирање настани или креирање на едукативни материјали за заштита на животната средина, за рециклирање и за одржливо живеење

Реализирани се 6 часа воведна обука или теоретско учење за општествено-хуманитарна работа и 20 саати кои се еднакви на 30 наставни часа во реализирани акции во рамките на воннаставни активности.

При реализацијата на Општествено-хуманитарната работа наставниците имаат континуирана помош и поддршка од училишниот педагог.

Општествено-хуманитарна работа на учениците придонесува за постигнување на Националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование од подрачјата Личен и социјален развој и Општество и демократска култура Ученикот/ученичката знае и/или умее:

